# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 01.03.2023 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 02 - Година 2023** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за исплата на средства од Буџетот на општина Пехчево за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија;
2. Одлука за расходување на движни ствари (застарена и неупотреблива компјутерска опрема) од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево;
3. Одлука за расходување на движни ствари - парен котел на дрва од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево;
4. Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2023 година;
5. Заклучок за не утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите;
6. Одлука за усвојување на извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2022 година;
7. Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2022 до 30.09.2022 година;
8. Одлука за усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
9. Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за 2022 година;
10. Одлука за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за период јануари - декември 2022 година;

11. Одлука за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево - пречистен текст;
12. Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
13. Одлука за усвојување на Локален акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027;
14. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2022 година;
15. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2022 година;
16. Програма и план за контрола на популација на кучиња на територија на општина Пехчево за 2023 година;
17. Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2023 година;
18. Одлука за утврдување на приоритет за учество и користење на средства за реализација на проектот "Изградба на локални улици во село Чифлик, улица број 1 со крак 1";
19. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Изградба на локални улици во село Чифлик, улица број 1 со крак 1";

Бр. 09-336/1<br>
01.03.2023 год.<br>
Пехчево

Градоначалник на<br>
Општина Пехчево<br>
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за исплата на средства од Буџетот на општина Пехчево за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за исплата на средства од Буџетот на општина Пехчево за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-336/2 | Градоначалник на |
| 01.03.2023 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Александар Китански с.р |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.03.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за исплата на средства од Буџетот на општина Пехчево за исплата на средства од Буџетот на општина Пехчево за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија**

Член 1

На сметката на фондот за солидарноста на Црвен Крст на РСМ, од Буџетот на општина Пехчево се доделува парична помош во висина од 100.000,оо (сто илјади) денари, за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Пехчево.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот и одделението за финансиски прашања да ја реализира оваа Одлука на име на фондот за солидарноста на Црвен Крст на РСМ, на сметка број 300000001327966, даночен број 4030984271620 АД Комерцијална банка со назнака: помош за населението во Турција и Сирија.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

| | |
|---|---|
| Бр.08-316/1 | Совет на општина Пехчево |
| 01.03.2023 година | Претседател |
| Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за расходување на движни ствари (застарена и неупотреблива компјутерска опрема) од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за расходување на движни ствари (застарена и неупотреблива компјутерска опрема) од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/3 Градоначалник на
01.03.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 30 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и Барањето до Комисијата за расход при општина Пехчево број 03-378/1 од 17.11.2022 од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за расходување на движни ствари (застарена и неупотреблива компјутерска опрема)**

Член 1

Со оваа Одлука се врши расходување на движни ствари (застарена компјутерска опрема) со кои располага општина Пехчево, согласно Барањето до Комисијата за расходување на движни ствари при општина Пехчево број 03-378/1 од 17.11.2022 година од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево.

Член 2

Расходувањето на движните ствари (застарена компјутерска опрема) се врши на предлог на ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, со барање број 03-378/1 од 17.11.2022 година.

Член 3

Бројот и видот на движните ствари (застарена компјутерска опрема) се утврдени по спецификација - извештај, кој е составен дел на оваа одлука:

| Реден број | Опис на инвентарот | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Централна единица | Бр. | 19 |
| 2. | Тастатури | Бр. | 301 |
| 3. | Монитори | Бр. | 287 |
| 4. | Глушец | Бр. | 256 |
| 5. | VGB кабли | Бр. | 46 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Адаптори | Бр. | 77 |
| 7. | Мрежни кабли | Бр. | 114 |
| 8. | X – BOX | Бр. | 99 |
| 9. | Касетофони | Бр. | 1 |
| 10. | Радио | Бр. | 1 |
| 11. | Сервер | Бр. | 1 |
| 12. | Фотокопир Canon 6317 | Бр. | 1 |
| 13. | Принтер Samsung M22 151V + кабел | Бр. | 1 |
| 14. | Принтер Samsung 4828 FN | Бр. | 1 |
| 15. | Принтер XEROX 3132 | Бр. | 1 |
| 16. | Свич | Бр. | 1 |
| 17. | Струен кабел | Бр. | 13 |
| 18. | Кулер | Бр. | 2 |
| 19. | UPS | Бр. | 1 |
| 20. | Фотокопир XEROX | Бр. | 1 |
| 21. | Рутер | Бр. | 1 |
| 22. | Слушалки | Бр. | 1 пар |
| 23. | X BOX картички 300 и 500 | Бр. | 63 |
| 24. | Графички | Бр. | 5 |
| 25. | Лаптоп мал | Бр. | 2 |

Член 4

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на расходување на движните ствари (застарена компјутерска опрема)

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-317/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за расходување на движни ствари - парен котел на дрва од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за расходување на движни ствари - парен котел на дрва од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/4
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 30 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/21) и Барањето до Комисијата за расход при општина Пехчево број 03-378/1 од 17.11.2022 од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за расходување на движни ствари - парен котел на дрва**

Член 1

Со оваа Одлука се врши расходување на движни ствари (парен котел) со кои располага општина Пехчево, согласно Барањето до Комисијата за расходување на движни ствари при општина Пехчево број 03-378/1 од 17.11.2022 година од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево.

Член 2

Расходувањето на движните ствари (парен котел) се врши на предлог на ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево, со барање број 03-378/1 од 17.11.2022 година

Член 3

Бројот и видот на движните ствари (парен котел) се утврдени по спецификација - извештај, кој е составен дел на оваа одлука:

| **Реден број** | **Опис на инвентарот** | **Единица мерка** | **Количина** |
|---|---|---|---|
| 1. | Парен котел | Бр. | 1 |

Член 4

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на расходување на движните ствари (застарена компјутерска опрема)

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-318/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/5
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
**за еднакви можности меѓу мажите и жените на Општина Пехчево за 2023 година**



Подготвува: Одделението за локален економски развој
Разгледува: Комиси за еднакви можности
Донесува: Совет на Општина Пехчево

МАРТ, 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РМ бр. 6/12, 166/14, 150/15), Советот на општина Пехчево донесува:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. *ВОВЕД*

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Пехчево има законска обврска за воспоставување на еднакви можности на мажите и жените во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните прогроми врз жените и мажите и да го известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку кординација со многубројни локални фактори, да превземе конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквоста и промовирање и градење на реални локални заедници и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

## 2. *ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Основните цели на активностите на Општина Пехчево, во областа на родовата еднаквост, предвидени со оваа програма се:

- Унапредување на родовата еднаквост на локално ниво;
- Прибирање на родово – разделени податоци и формирање на база на податоци;
- Зајакнување на свеста на жените ( со акцент на жени Ромки ) за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;
- Едукација на учениците во основните и средните училишта за важноста на машкото и женското здравје;

## 3. *РЕАЛИЗАЦИЈА*

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Пехчево за 2023 година се пред се, Координаторот за еднакви можности, Заменик координаторот за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Пехчево.

Обврска и одговорност на администрацијата, е да креираат, иницираат и организират активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување

на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од родов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

## *4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

| **Реден број** | **Активност** | **Време траење** | **Буџет на проектот во денари** | **Одговорни за имплементација и партнери** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прибирање на родово – разделени податоци | Јануари-Декември | / | Координаторката за еднакви можности, Заменик координаторката за еднкави можности | / | Изготвен 1 документ со родово – разделени податоци:<br>-Број на жени/мажи вработени по позиции во училиштата;<br><br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во општината;<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комнално претпријатие; |
| **2.** | Поддршка на КЕМ во изработка на нацрт – деловник и правилник за работа | Август /Септември | / | Координаторката за еднакви можности и Заменик координаторката за еднакви можности | / | Изработен 1 нацрт – деловник и правилник за работа |
| **3.** | Едукација во основното училиште за важноста на превенција на машкото и женското здравје | Јануари/Декември | 15.000 | Координаторката за еднакви можности<br><br>НВО секторот<br><br>НВО Организација на жените – Пехчево | Буџет на ЕЛС<br><br>Здравствен дом Пехчево | Опфатени околу 90 ученици од 8 и 9 одделение од Пехчево и село Црник<br><br><br>За 20% зголемен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Здравствен дом Пехчево | | степен на едуцирани ученици од основното училиште од Пехчево и село Црник |
| **4.** | Чистење и уредување на улица „Даме Груев“, косење на тротоарите, по кои се движат најчесто ученици и родители до ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОСУ „Ацо Русковски“ – дисперзиран и паралелки Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево | Јануар и/Декември | 30.000 | Координаторката за еднакви можности<br><br>КЕМ<br><br>Заменик кооринаторка за еднакви можности<br><br>Одделение за комунални дејности | Буџет на ЕЛС/ Преку програмата за зимско одржување, програмата за јавна чистота и паркови и зеленило | Олеснет и брз пристап до јавните установи за децата, родителите и наставниот кадар<br><br>Почист и уреден простор околу основоното, средното училиште и детската градинка |

## *5. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ*

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Пехчево:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Пехчево, во соработка со институциите на локално ниво.

## *6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Градоначалникот на Општина Пехчево го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзиите цели и активности.

Општина Пехчево, преку вработените службеници во Одделението за локален економски развој, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијативи и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Пехчево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пехчево“.

Бр.01-319/1<br>01.03.2023 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за не утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/6 Градоначалник на
01.03.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за детска заштита, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.03.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

Член 1

Советот на општина Пехчево не дава согласност на Одлуката од УО на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево бр. 02-50/3 од 31.01.2023 година.

Член 2

Цените не се променуваат, бидејќи се адекватни на можностите на граѓаните.

Член 3

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-320/1 Совет на општина Пехчево
01.03.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/7
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 05/2002), член 25 став 1 од Законот за полиција (Сл.весник на РМ бр.114/2006……...64/2018) и член 30 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на извештај за работа на Полициска канцеларија – Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува извештајот за работа на Полициска канцеларија - Пехчево, за 2022 година.

**Член 2**

Извештајот за работа на Полициска канцеларија - Пехчево, за 2022 година бр. 22.28.10-85 од 17.02.2023 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-321/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ШТИП
Одделение за внатрешни работи - Берово
Полициска канцеларија - Пехчево

Ев.бр22.28.10- 85

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА ПЕХЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

Берово
2023 година

ПК Пехчево, кое работеше во состав на ОВР Берово, во текот на изминатата 2022 година, со своето максимално ангажирање како и професионалиот пристап кон секој безбедносен настан, во рамките на постоечките законски и подзаконски акти од својата надлежност, успешно ја оствари својата безбедносна функција и одржа поволна севкупна безбедносна состојба на подрачјето што го покрива ПК Пехчево.

Во текот 2022 година регистрирани беа вкупно 25 (26) кривични дела, при што обемот на криминалитетот во споредба со истиот период од претходната година бележи тренд на благо намалување за 4%.

За одржување на мирна и стабилна безбедносна состојба на нашето подрачје активностите на полициските службеници воглавно беа носочени кон секојдневно следење на состојбата од тековно пријавените настани, во одржување на редот при одржување на јавни собири, во обезбедување на спортски натпревари, на културни манифестации, како и на значајни државни и верски празници. Полицијата активно учество зеде и во справување со појавата на Пандемијата предизвикана од Корона вириусот при што секојдневно се превземаа мерки по однос на вршење на контрола на лицата кои со Решенија за изолација се во домашен карантин, во однос на почитувањето на законските одредби од ЗЗНЗБ, донесените мерки и одлуки на Владата на РСМ а во врска со превенција и заштита од ширење на заразната болест Ковид 19 .

Во областа на јавниот ред и мир во текот на 2022 година евидентирано е намалување на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните и тоа за 6%,додека бројот на откриени прекршоци е намален за 7%, но и бројот на сторителите на прекршоците е намален и тоа за 2%.

Во областа на сообраќајот бројот на сообраќајни незгоди изминатата 2022 година е намален за 8% (11:12), при што бројот на сообраќајните незгоди со потешки последици е намален за 86%(1:7), но сообраќајните незгоди со мала материјална штета бележат зголемување за 100%(10:5). Бројот на повредените лица во 2022 година во однос на предходната година намален за 56% (4:9), а за одбележување е тоа што во 2022 година нема загинати лица исто како и претходната 2021 година.

Полицијата во целост ги исполни своите задачи и на планот на соработката со други институции на државата преку барања за проверки, давање помош по барања (асистенции) како и проверки по пријави од граѓани за разни корумпирани однесувања или злоупотреба на службената положба.

Во областа на **к л а с и ч н и о т к р и м и н а л и т е т** евидентирани се вкупно 17 (22) кривични дела, за кои против 14 (9) лица поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела до надлежни Јавни Обвинителства и поднесени се 17 Кривични Пријави.

Од вкупно регистрираните кривични дела во оваа област 7 биле извршени од познат сторител, а 10 биле извршени од страна на непознат сторител и по работата по истите расветлени се 4 кривични дела.

Во делот на класичниот криминалитет во текот на 2022 година најзастапени се кривичните дела против имотот – имотни деликти со евидентирани 8 кривични дела, сите 8 кривични дела биле класифицирани како „Тешки Кражби" кривични дела „Одземање на моторно возило" и кривично дело „Кражба" нема регистрирано" .

Во областа на класичниот криминалитет во текот на годината реализирани се уште 7 други кривични дела од кои : 2 кривични дела биле „ Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ 1 кривично дело било„Измама“1 кривично дело „Телесна повреда“1 кривично дело „Мачење животни“ 2 кривични дела„Тешки дела против општата сигурност“1 кривично дело„Насилство“ и 1 кривично дело „Загрозување на безбедноста на сообраќајот“.

За одбележување е фактот што во текот на 2022 на подрачјето на ПК-Пехчево е регистрирано1 кривично дело со елемент на семејно насилство „Телесна повреда“извршено од страна на 1 лице и поднесена е 1 кривична пријава до надлежно ОЈО,за разлика од минатата 2021 година кога немаше сторени кривични дела кои содржат елементи на семејно насилство.

Во 2022 година, полицијата се ангажираше и во реализација на кривичните дела кои според Кривичниот Законик претставуваат кривични дела за кои гонењето се превзема по приватна тужба при што во извештајниот период пријавени се 18 кривични дела од кои 10 со познат сторител и 8 со непознат сторител на оштетените им е укажано дека согласно Законот, гонењето за истите се превзема по приватна тужба.

Во делот на **недозволената трговија со оружје и дрога** евидентирани се 3 кривични дела од кои двете во областа на НТ со оружје , за кои против 2 -ца сторители поднесени се 2 кривични пријави до надлежни ОЈО а додека во делот на НТ со дрога регистрирано е 1 кривично дело .

Во областа на НТ со дрога, откриени се 1 прекршоци предвидени во чл.20 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, за кои против 1 сторители, до надлежен суд, поднесени се 1 Барања за поведување на прекршочна постапка, а во НТ со оружје не е откриен прекршок.

Во делот на **организираниот криминалитет** во 2022 година на подрачјето на ПК Пехчево регистрирани се 3(3 ) кривични дела. Регистрираните кривични дела се „Ширење на расистички и ксенофобичен матерјал по пат на компјутерски систем“ каде од страна на 3-ца сторители по што против сторителите се поднесени кривични пријави .

Во делот на **економскиот криминалитет** евидентирани се 2 кривични дела од кои 1 „Злоупотреба на службената положба и овластување“за кое против1 сторител поднесена е 1 кривична пријава и 1 кривично дело до надлежно обвинителство , поднесена е 1 кривична пријава, 1кривично дело било „Непостапување според зравствени прописи за време на епидемија“ за кои против 1 лице сторител на оваа кривично дело до надлежно ОЈО поднесено е 1 кривична пријава.

Во текот на 2022 година, ОВР Берово - ПК Пехчево, согласно насоките на владата за превземање поорганизирани активности за заштита на шумскиот фонд, во содејство со шумска полиција, спроведе редовни контроли над возачи и моторни возила кои вршат превоз на дрвна маса во рамките на ОА „Гора“при што не се откриени кривични дела или прекршоци .

Во делот на патувањето на наши граѓани во странство во текот на 2022 годи издадени се вкупно 763 патни исправи, од кои 151 за прв пат, извршена е замена на 60 патни исправи, додека на 5 лица издадени им се дупликат пасоши.

Во областа на **ј а в н и о т р е д и м и р**, активностите на полицијата во главном беа насочени преку редовното работење и спроведување на разни акциски контроли да се обезбеди мирен и спокоен живот на граѓаните, како и обезбедување на услови за непречено остварување на нивните права и слободи и заштита на нивниот физички и личен интерес. Така во период од 2022 година, јавниот ред и мир бил нарушен во 24 случаи, во кои се сторени вкупно 26 прекршоци од страна на 38 нарушители.

Јавниот ред и мир најчесто бил нарушен со:

-учество, предизвикување или поттикнување на тепачка – 7
- Физички напад на лице– 4
- уживање наркотични droги – 1
-карање викање и непристојно однесување-2
-вознемирување соседи-2

За воспоставување на јавен ред и мир во 3 случаи, над 3 лица полицијата употребила средство за присилба и истите завршиле без последици по лицето врз кое е употребено средството за присилба. Од страна на старешинскиот кадар 3 случаи за употребата на средствата за присилба се отценети како оправдани.

Во рамките на превентивното делување и примена на овластувањата по пријавените поплаки од граѓани, полицијата постапувала, при што писмено или усно се предупредени лицата против кои биле поднесени поплаките.

Дел од пријавените поплаки биле со елементи на семејно насилство каде сопругата, децата, родителот или други членови од семејната заедница биле психички или физички малтретирани, при што полицијата писмено или усно ги предупредиле лицата против кои биле поднесени поплаките.

Работено е и на имплементација на Законот за јавна чистота, Законот за лична карта, Законот за оружје, Законот за царина, Законот за пушење и други закони по кои полицијата има надлежност да постапува, при што за откриените прекршоци од страна на полициски службеници е постапено и реализирано до надлежната институција.

Во областа на **б е з б е д н о с т а н а с о о б р а ќ а ј о т** активностите на полицијата воглавном беа насочени кон обезбедување на што подобри услови за нормално и непречено одвивање на сообраќајот, како и превземање на соодветни мерки за елиминирање на основните причини кои директно или индиректно влијаат врз безбедноста на сообраќајот .

Во текот на 2022 година, на подрачјето на општина Пехчево се случиле вкупно 11(12) сообраќајни незгоди, од кои 1(7) биле со потешки последици и 10(5) со мала материјална штета. Бројот на повредените лица во однос на истиот период од предходната година е намален за 56% (4:9), а за одбележување е фактот што оваа година немаме регистрирано загинато лице.

Од регистрираните повредени лица учесници во сообраќајните незгоди во својство на возачи биле 2 лице,2 сопатник и велосипедист 0. Од сообраќајните незгоди со потешки последици 1 се случиле на отворен пат а 0 во населено место а според времето на догодување 1 се случиле во текот на денот а 0 биле догодени во вечерните и ноќните часови. Како причина за догодување на сообраќајните незгоди била брзината2, страна на движење 4,алкохол 0,разминување 1,престигнување 1 и дејствие 3.

Во рамките на превентивно - репресивните активности перманентно се вршат контроли на сите патни правци и улиците во населените места, во поглед на откривање и отстранување на недостатоци и пречките за нормално одвивање на сообраќајот. Од оваа област континуирано се вршени и известувања на надлежните органи и организации за превземање на конкретни активности и мерки од нивна надлежност.

Со цел откривање и попречување на потешките видови прекршоци и зголемување на сообраќајната култура како и елиминирање на причините кои влијаат врз безбедноста на сообраќајот, во изминатиот период од годината од страна на полициски службеници беа планирани и спроведени селективни 70 акциски контроли.

Заради намалување и елиминирање на општествено - негативните појави меѓу помладата популација, ПК Пехчево преку своите служби за превенција, превземаше активности и дејствија на планот на **превентивно делување.**

Активностите се реализираа од ПК Пехчево, а во соработка со стручните служби од училиштата на подрачјето на општината и другите надлежни институции, при што беа реализирани некои проектни активности за превенирање и едукација на малолетната популација и граѓаните за настани и проблеми кои што се актуелни на територијата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и нашата општина, а ја загрозуваат безбедноста и сигурноста на граѓаните и квалитетот на живеење во заедницата, па поради тоа и беа опфатени различни целни групи со следните проекти и проектни активности :

- Заради намалување и елиминирање на општествено - негативните појави меѓу помладата популација, ПК Пехчево преку своите служби за превенција, превземаше активности и дејствија на планот на **превентивно делување**.Активностите се реализираа од страна на ПК Пехчево, а во соработка со стручните служби од училиштата на подрачјето на општината и другите надлежни институции, при што беа реализирани некои проектни активности за превенирање и едукација на малолетната популација и граѓаните за настани и проблеми кои што се актуелни на територијата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и нашата општина, а ја загрозуваат безбедноста и сигурноста на граѓаните и квалитетот на живеење во заедницата, па поради тоа и беа опфатени различни целни групи со следните проекти и проектни активности :„Превентивно делување за заштита од пожари на отворен простор", Реализирана Мешана патрола на подрачјето со вклучување на лица од надлежни институции со цел превенција на шумите од пожари на отворен простор реализирани се 2 активности
- Реализирани се и 1 мешани патроли при што е извршена патрола на терен на подрачјето на оштина Пехчево , делени се едукативни флаери и плакати со цел за заштита на шумите од пожари.

Активности согласно акциониот план по кој МВР има обврска да ја информира Владата на Република Македонија

- „Како сте" На подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 6 активности, по кој прокет вршена ѐ посеаи на стари и изнемоштени лица, при посетата на лицата им се давани совети за превенција од кражби, провални кражби, измами и сите се информирани дека доколку имат потреба за било кој проблем од обласста на безбедност или друг проблем можат да пријават на бесплатниот телефонски број 192;

- „Полицијата и граѓаните заедно" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 10 активности.
- „Застани и разговарај" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 24 активности.
- „На кафе кај соседи" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 20 активности.
- „Бизнис и безбедност" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 3 активности.
- „За спортот заедно" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 5 активности.
- „Мојот полицаец" на подрачјето на ПК Пехчево реализирани се вкупно 1 активности.

- Советодавна групи на граѓани
- Во текот на извештајниот период имено не е одржан состанок на советодавната група на граѓани.

- Локален совет за превенција
- Во текот на извештајниот период Локалниот совет за превенција на подрачјето на ПК Пехчево не функционира.

Како резултат на севкупно преземените активности и постигнатите резултати во извршувањето на задачите и разрешување на безбедносните појави и настани,ПК Пехчево во текот на 2022 година, успеа да обезбеди стабилен јавен ред и мир и ефикасна заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните, со што во целост ја изврши својата безбедносна функција.

Изготвил:
Рунтевски Вашчо

Началник на ОВР- Берово
Руменовски Горан

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2022 до 30.09.2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2022 до 30.09.2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/8<br>01.03.2023 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2022 год. до 30.09.2022 год.

**Член 2**

Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2022 год. до 30.09.2022 год. бр. 01-748/1 од 10.11.2022 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-322/1<br>01.03.2023 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

***Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" -Пехчево***

## ***ОД 01-01-2022 до 30-09-2022 ГОДИНА***

*ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр.40*
*email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com*

ВОВЕД

Анализата на финансиките извештаи има за цел да ја процени ефикасноста и перформансите на претпријатието, да ги потенцира слабостите и силните страни на работењето и да направи прогноза на идните перспективи на работењето на претпријатието. Главна цел е обезбедување на корисни информации за корисниците на финансиските извештаи да им помогне да се предвиди годишната финансиска состојба и резултатите од работењето во идните периоди. Секој извештај содржи показатели од тековната година, споредени со истиот период претходната година.
Извештаите се изготвени во согласност со законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.
За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат реална слика за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Пехчево во овие девет месеци.

### ***1.1. Биланс на успех***

| | | Биланс на успех | |
|---|---|---|---|
| Р.број | | 2022 | 2021 |
| 1 | ***Приходи од работење*** | **11.829.837** | **11.715.381** |
| 2 | Приходи од продажба | 11.829.837 | 11.715.381 |
| 3 | Останати приходи | | |
| 6 | ***Расходи од работењето (7+8+13)*** | **12.674.354** | **11.906.250** |
| **7** | **Трошоци за суровини, материјали и трош.за вработени** | **11.483.420** | **10.778.105** |
| **8** | **Набавна вредност на продадени стоки** | **33.699** | **10.216** |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали | | |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | | |
| 11 | Останати трошоци на работењето | | |
| 12 | *Трошоци за вработени* | 7.095.786 | 7.146.326 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12.а | Плати и надоместоци на плати | 4.755.158 | 4.784.251 |
| 12.б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 348.572 | 339.433 |
| 12.в | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 1.992.056 | 2.022.642 |
| 12.г | Останати трошоци од вработените | | |
| | | | |
| **13** | **Амортизација на материјални средства** | **1.157.235** | **1.117.929** |
| 14 | Останати расходи од работењето | | |
| | | | |
| | ***Финансиски приходи*** | **11.829.837** | **11.715.381** |
| | ***Финансиски расходи*** | **12.674.354** | **11.906.250** |
| 15 | Добивка од редовно работење пред оданочување | | |
| 16 | Загуба од редовно работење пред оданочување | 844.517 | 190.869 |
| 17 | Просечен број на вработени | 22 редов.враб+ 4 преку Агенц | 24 редов.вр + 5 преку Агенц |

Во Билансот на успех се прикажани промените кои настанале во претпријатието во временски период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година, како резултат на деловната активност на истата во тој период. Овој финансиски извештај е детален преглед за сите приходи и трошоци што ги остварило претпријатието за одреден временски период и го прикажува крајниот резултат (добивка или загуба).

Трошоците за амортизација се зголемени, што се должи на новата опрема во одделението за собирање и управување со отпад - камион за смет Ивеко и контејнери.

Опремата за пречистување во филтер станицата е со отпишана вредност и потребно е од страна на комисија да се направи ревалоризација, односно да им се даде нова сегашна вредност по проценка на стручни лица, бидејќи книговодствено опремата е отпишана, но сеуште се користи. Ова значи дека се очекува да се зголемат трошоците за амортизација во одделението водовод и канализација.

Од билансот на успех за периодот јануари - септември од 2022 година, може да се види дека имаме зголемување на приходите, и зголемување на расходите од работењето во однос на истите во претходната година.

### *1.2 Приходи*

| ВИД НА ПРИХОД | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Пехчево | 2.871.990 | 2.881.268 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Робово | 282.180 | 313.740 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Умлена | 208.785 | 239.368 |

| | | |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Чифлик | 211.041 | 217.043 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Негрево | 114.635 | 79.421 |
| Производство и дистрибуција на вода правни лица | 1.384.203 | 1.613.165 |
| Производство и дистрибуција на вода штали | 128.111 | 100.994 |
| Приходи од месечен фиксен надоместок | 756.449 | 758.686 |
| Приходи од канализација физ. лица Пехчево | 1.239.648 | 949.993 |
| Приходи од канализација физ. лица Робово | 104.148 | 81.028 |
| Приходи од канализација физ. лица Умлена | 90.593 | 73.084 |
| Приходи од канализација правни лица | 226.605 | 208.631 |
| Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа | 90.123 | 26.422 |
| Приходи од нови приклучоци | 28.098 | 35.100 |
| Приходи од обновување приклучоци | 24.100 | 17.800 |
| Приходи од ЈЦБ поврз. со водовод и канализација | / | 42.485 |
| **Вкупно приходи од водовод и канализација** | **7.760.709** | **7.638.228** |

| | | |
|---|---|---|
| Отпремување на отпад физ. лица Пехчево | 1.223.762 | 1.037.340 |
| Отпремување на отпад физ. лица Робово | 81.600 | 65.925 |
| Отпремување на отпад физ. лица Умлена | 72.000 | 55.260 |
| Отпремување на отпад физ. лица Чифлик | 62.820 | 53.010 |
| Отпремување на отпад физ. лица Негрево | 23.640 | 17.370 |
| Отпремување на отпад физ.лица Панчарево | 48.555 | 48.285 |
| Отпремување на отпад физ. лица Црник | 73.500 | 100.125 |
| Отпремување на отпад правни лица | 900.690 | 803.757 |
| Отпремување на отпад физ.лица Равна Река | 26.286 | / |
| **Вкупно приходи од отпремување на отпад** | **2.512.853** | **2.181.072** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од одржување на гробишта | 461.650 | 464.380 |
| Приходи од продажба на гробно место | 100.000 | 185.360 |
| Приходи од издавање на Одобрение за погреб | 4.000 | 6.900 |
| Приходи од Оператор на гробишта | 11.500 | 18.500 |
| Приходи од каменорезач на гробишта | 22.995 | 22.000 |
| **Вкупно приходи од гробишта** | **600.145** | **697.140** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од ЈЦБ | 280.918 | 420.153 |
| Приходи од трактор, хилта и др | 11.400 | 8.800 |
| Приходи од камион Дигалка | 18.000 | 18.300 |

| | | |
|---|---:|---:|
| **Вкупно приходи од механизација** | **310.318** | **447.253** |

| | | |
|---|---:|---:|
| Приходи од нотарски реш.,извршување и судење | 135.920 | 30.587 |
| Приходи од пазаришни тезги и резервации | 138.780 | 113.731 |
| Приходи од Договор за зимско одржување со Општина Пехчево | 170.951 | 164.200 |
| Приходи од Договор за улично осветлување со Општина Пехчево | 57.450 | 73.150 |
| Приходи од Договор за одржување паркови и зеленило со Општина Пехчево | 3.000 | 69.300 |
| Приходи од Договор за одржување јавна чистота со Општина Пехчево | 121.068 | 70.593 |
| Приход од повраток на здравство | 17.944 | 18.153 |
| Приход од отпис на обврски | / | 194.263 |
| Останати приходи од работењето | 698 | 17.711 |
| **Вкупно останати приходи** | **645.811** | **751.688** |
| **ЗБИР НА ПРИХОДИ** | **11.829.837** | **11.715.381** |

Од прегледот на приходите по одделенија детално може да се види структурата на приходите за 2021 и 2022 година одделно по ставки.
Во 2022 година имаме зголемување на приходите од канализација- што се должи на зголемената цена на услугата канализација за 2022 година.
Зголемени се и приходите од поправки на водоводна и канализациона мрежа поради поголемиот број на дефекти кои се регистрирани.

Кај приходите од отпремување со отпад имаме зголемување во однос на ланската година, а се должи на покачувањето на цената на ѓубрарината. Намалување на приходи од отпремување со отпад имаме во с.Црник поради тоа што од месец јули не се фактурира и не се врши оваа услуга во Црник . Исто така и во туристичката населба Равна Река за вилите се фактурираше само за месеците март, април и мај и повеќе не се фактурира.

Приходите од механизација во 2022 во однос на 2021 се намалени поради тоа што скипот ЈЦБ подолго време беше во дефект.

Приходите од договори со Општина Пехчево за 2022 година се значително намалени, бидејќи ЈКП Комуналец и Општина Пехчево немаат потпишано Договори за одржување на јавна чистота, паркови и зеленило, нити улично осветлување и наведените услуги ЈКП не ги извршува (прикажаните приходи се однесуваат за 2021 година).

### *1.3 Трошоци*

| ВИД НА ТРОШОЦИ | 2022 | 2021 |
|---|---:|---:|
| Плати филтер станица | 2.033.900 | 1.863.027 |
| Плати водоинсталатери | 827.987 | 963.870 |
| Плата за електричар | 326.946 | 315.143 |
| Електрична енергија филтер станица | 515.922 | 360.529 |
| Трошоци за телевизија | 2.532 | 3.375 |
| Сервисирање и баждарење водомери | 1.160 | 2.804 |

| | | |
|---|---|---|
| Трош.за испитување на водата | 74.400 | 72.950 |
| Резервни делови за филтер станица | 1.236 | 7.886 |
| Огревно дрво филтер станица | 1.237 | 4.800 |
| Трошоци за водоводни делови | 16.428 | 59.672 |
| Трош.за хлор и др хемикалии | 145.072 | 136.417 |
| Трошоци за водовод и канализација | 3.946.820 | 4.620.473 |
| Амортизација на опрема за водов.и кан. | 476.290 | 948.540 |
| **И - Вкупни трошоци водовод и канализација** | **4.423.110** | **5.569.013** |

| | | |
|---|---|---|
| Плати- изнесув.на отпад | 1.341.955 | 1.179.158 |
| Трошоци за нафта | 251.883 | 182.300 |
| Резервни делови за камион за ѓубре | 222.312 | 25.077 |
| Средување на депонија | 58.500 | / |
| Трош.за собирање и изнесување на отпад | 1.874.650 | 1.386.535 |
| Амортизација на опрема (камион Ивеко и контејнери) | 535.500 | / |
| **ИИ Ђ Вкупни трошоци за собирање и изнесување на отпад** | **2.410.150** | **1.386.535** |

| | | |
|---|---|---|
| Плата за возачи на машини | 328.015 | 323.950 |
| Трошок за нафта ЈЦБ | 80.955 | 94.860 |
| Трошок за нафта камион Дигалка | 14.293 | 15.146 |
| Трошок за нафта трактори | 13.459 | 20.181 |
| Трошок за нафта сопствени возила | 50.483 | 760 |
| Трошок за гориво ( Лади, плин и др) | 45.954 | 39.755 |
| Трошок за гориво косачки | 5.470 | 7.070 |
| Регистрација и осигурување на возила | 29.723 | 130.838 |
| Делови за возила, заварување,сервис на возила | 16.570 | 36.018 |
| Трошоци за резервни делови Лади | 9.280 | 593 |
| Трошоци за резервни делови Камион дигалка | / | 6.288 |
| Трошоци за резервни делови ЈЦБ | 206.269 | 46.900 |
| Трошоци за гуми за возила и вулканизерски усл | / | 3.300 |
| Трошоци за уље и филтри | 31.685 | 23.032 |
| Трошоци за механизација | 832.156 | 747.931 |
| Амортизација на возила | 3.470 | 24.225 |
| **III - Вкупни трошоци за механизација** | **835.626** | **772.156** |

| | | |
|---|---|---|
| Плати за вработени паркови и зеленило и ј.ч | 234.159 | 607.090 |
| Трошоци за цвеќиња и алат | 15.397 | 6.424 |
| **IV - Трошоци за паркови и зеленило, јавна чистота** | **249.556** | **613.514** |

| | | |
|---|---:|---:|
| Плата за вработен на гробишта | 319.030 | 273.745 |
| Обештетување за погреб | 147.000 | 105.000 |
| **В- Трошоци поврзани со погребално** | **466.030** | **378.745** |

| | | |
|---|---:|---:|
| Плати за управа | 2.604.164 | 2.634.647 |
| Електр.енерг канцеларии | 36.903 | 28.374 |
| Канцелариски материј. и фотокопирање | 41.678 | 31.202 |
| Поштенски услуги и карго | 17.945 | 19.348 |
| Фиксни, мобилни и интернет услуги | 46.532 | 48284 |
| Трошоци за службени патувања | 12.873 | 18.906 |
| Весници, списанија стручно образование | 31.751 | 37.770 |
| Трошоци за објавување на оглас | 10.264 | 28.906 |
| Дневници за УО и НО | 43.865 | 19.865 |
| Репрезентација , спонзорство и донации | 97.657 | 42.348 |
| Членарини во здруженија,такса,перс.данок | 59.169 | 47.635 |
| Банкарски, агенциски услуги, премии и провизии | 89.344 | 88.630 |
| Камати, казни, пенали | 359.586 | 306.624 |
| Судски трошоци и извршување | 45.704 | 57.913 |
| Нотарски трошоци | 85.853 | 11.567 |
| Адвокатски трошоци | 122.222 | 51.952 |
| Одржување на софтвер,компјутери и камери | 20.000 | 33.350 |
| Услуги од правни лица | 88.721 | 98.543 |
| Услуги по Договор на дело | 48.473 | 30.700 |
| Одржување на хигиена и хиг.средства | 35.458 | 30.978 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 56.263 | 22.984 |
| Систематски прегледи на вработени | 25.500 | 34.200 |
| Здравствени услуги на вработените | 3.700 | 41.248 |
| ХТЗ опрема | 85.974 | 45.308 |
| Градежни материјали | 5.653 | 18.397 |
| Останати трошоци, ситен инвентар, и др.материјални трошоци (издатница) | 3.455 | 31.228 |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | 35.500 | / |
| Управа и останати трош. од работењето | 4.114.207 | 3.860.907 |
| Амортизација на опрема во управа | 141.975 | 145.164 |
| **VI – Вкупни трошоци за управа** | **4.256.182** | **4.006.071** |
| **Вкупни трошоци I+II+III+IV+V+VI** | **12.640.655** | **12.726.034** |

| 23.06.2022 | -санација на дефект на кочници ровокопач ЈЦБ (Глобал Моторс – Скопје). | / |
| | -отпушување на канализација во с.Робово. | / |
| | -санација на дефект на водоводна мрежа во с.Робово. | / |
| | -собирање, товарање на трактор и транспорт до депонија на искастрени гранки од ул.Јулија Веселинска. | / |
| | -отпушување на канализација на ул.Македонија. | / |
| 24.06.2022 | -санирање на дефект на главна водоводна мрежа на ул.7$^{ми}$ Септември. | / |
| | -читање на месечни водомери. | / |
| | -чистење на кеј на пехчевска река со четка на трактор. | / |
| | -ископ на дефект на водоводна мрежа на ул.7$^{ми}$ Септември. | / |
| | -сечење на асвалт на ул.Даме Груев (припреми за нов водоводен приклучок). | / |
| 27.06.2022 | -работа на дислокација на главен вод (водоводна мрежа ф63мм и обнова на приклучок на ул. 7$^{ми}$ Септември. (Павле Лазарски). | 3539,00 |
| | -чистење на градска депонија. | / |
| 28.06.2022 | -косење на градски гробишта- Пехчево. | / |
| | -косење на тревни површини во Пехчево. | / |
| | -санирање на дефект (затнато црево) на водоводен приклучок на ул. Ванчо Китанов (Јован Мушкарски). | / |
| | -санирање на дефект на главен крак на ул.Мирче Ацев (ископ и репарација на абоари, спојници на 3 приклучоци. | / |
| 29.06.2022 | -работа со ровокопач ЈЦБ – санација на дефект на ул.Мирче Ацев. | / |
| | -работа со ровокопач ЈЦБ – припрема за редење на бехатон | / |

| | | |
|---|---|---|
| | плочки на паркинг на ОУ„Ванчо Китанов“. | |
| | -испуст на ул.Првомајска. | / |
| | -санација на дефект на улично осветлување на ул.Даме Груев, центар на Пехчево, ул.Индустриска (промена на осигурачи во трафостаница). | По Договор |
| 30.06.2022 | -промена на улични светилки –с.Негрево. | По Договор |
| | -работа со ровокопач ЈЦБ – расчистување на пат на депонија. | / |
| | -косење на градски гробишта- Пехчево. | / |
| 01.07.2022 | -дислокација на дрвен столб на улично осветлување на ул. Индуструска – Чуката | |
| | -косење на градски гробишта – Пехчево | |
| | -монтажа на баждиран водомер – Алексо Матевски (нова куќа) | |
| | -отчепување на канализација – с.Робово | |
| 04.07.2022 | -отчепување на канализација – с.Робово | |
| | -косење на тревни површини – Пехчево | |
| | -косење на градски гробишта- Пехчево. | |
| 05.07.2022 | -отчепување на канализација на ул.Буковик | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери на ул. Кадиица | |
| | -косење на тревни површини – Пехчево | |
| | -косење на градски гробишта- Пехчево. | |
| 06.07.2022 | -промена на механизам кај Душко Поповски (нова населба) | 1652,00 |
| | -косење на тревни површини – Пехчево | |
| | -косење на градски гробишта- Пехчево. | |
| | -отчепување на канализација – с.Робово со екипи од ЈКПР„Услуга„ – Берово;Услуга со скип паркинг-Оу Ванчо Китанов | 15,222 |
| 07.07.2022 | -работа на дефект на водоводна мрежа на регионален пат Пехчево – Делчево | |
| | -ископ со ЈЦБ на дефект на водоводна мрежа на регионален пат Пехчево – Делчево | |
| | -косење на тревни површини – Пехчево | |
| | -косење на градски гробишта- Пехчево. | |
| 08.07.2022 | -припреми за бушење(поставување на заштитни цевки во бушотини) на дефект на водоводна мрежа на регионален пат Пехчево – Делчево | |
| | -косење на тревни површини – булевар | |
| | -косење на тревни површини – градски пазар | |
| 11.07.2022 | -промена на улични светилки на ул. Кадиица, центар и ул.Јулија Веселинска - Пехчево | 25 902,00 |
| | -косење на тревни површини – Пехчево | |
| 12.07.2022 | -промена на светилки на регионален пат Пехчево-Чифлик и центар на Пехчево | |
| | -перење на градски пазар и тезги | |
| | -утовар, транспорт со трактор и истовар на маси Берово – Пехчево (плочтад) за Етно саем „Пехчевски Павловден„ | |
| | -косење на тревни површини – ул.АРМ | |
| 13.07.2022 | -работа на канализација на ул.ВМРО (Слободан Мицевски) | 354,00 |
| | -утовар со трактор кај Димовски Димче | 708,00 |
| | -косење на тревни површини – ул. Индустриска | |
| | -монтажа на рефлектор на дрвен знак (Пехчево) на влез на Пехчево | |
| 14.07.2022 | -промена на улични светилки населба Говедарник, ул.Индустриска и ул. Гоце Делчев | 20 000,00 |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа – градски гробишта - Пехчево | |
| 15.07.2022 | -работа на расчистување на депобија со ровокопач ЈЦБ | |

| | | |
|---|---|---|
| | -ископ со ЈЦБ на дефект на водоводна мрежа на градски гробишта | |
| | -промена на улични светилки на градски пазар и с.Негрево | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери на ул.Индустриска | |
| | -монтажа на водомер на ул. 8 Септември (Јордан Митриновски) | |
| 18.07.2022 | -работа со ЈЦБ (порамнување на паркинг на ОУ Ванчо Китанов – Пехчево | |
| | -утвар на елементи од бина од плоштад и транспорт со трактор до магацин на ЈКП Комуналец | |
| | -санација на ископ на градски гробишта – Пехчево (земјени работи) | |
| 19.07.2022 | -монтажа на граничник (штифни) на водозафат на пехчевска река | |
| | -санација на дефект на водоводна мрежа градски гробишта – Пехчево (земјени работи) | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери с.Чифлик | |
| | -чистење, перење и подмачкување на ровокопач ЈЦБ | |
| | -сечење на асфалт на ул. Симо Андоновски (нова населба) | |
| 20.07.2022 | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | По договор |
| | -промена на улични светилки с.Робово | По договор |
| 21.07.2022 | -работа на канализација во с.Чифлик (собирна шахта) | |
| | -припреми за копање и поставување на нов водоводе вод од Нова населба до индустиски зони во Пехчево (сечење гранки од дрвја, чистење на површини за ископ) | |
| 22.07.2022 | -промена на улични светилки – Пехчево | |
| | -читање на месечни водомери – Пехчево | |
| | -достава на фактури, сметки за комунални услуги – Пехчево | |
| 25.07.2022 | -работа на поставување на нова водоводна линија до индустриска зона (Чуката) –Пехчево, од нова населба. Ископ за поставување на полиетиленско црево Ф75 | |
| | -чистење на градски гробишта (кастрење дрвја и собирање на отпад) | |
| | -чистење на градски пазар | |
| | -достава на фактури, сметки за комунални услуги – Пехчево | |
| | -отчепување на канализација на ул.Македонија | |
| | -отчепување на канализација на ул. Ванчо Китанов | |
| 26.07.2022 | -работа на ископ за нов водоводен крак на индустриска зона (Чуката) | |
| | -чистење на градски гробишта (кастрење дрвја и собирање на отпад) | |
| 27.07.2022 | -работа на поставување на водоводна мрежа ф75, Нова населба – индустриска зона (Чуката) ископ и затрупување на дел од поставените цевки. | |
| | -Обнова на приклучок кај Барјактаров Демир | 2360,00 |
| 28.07.2022 | -работа на поставување на водоводна мрежа ф75, Нова населба – индустриска зона (Чуката), прекоп на ул. Симо Андоновски за поставување на цевки. | |
| | -работа на зафат (чистење на зафат на пехчевска река од наноси на лисје и смет | |
| 29.07.2022 | -работа на поставување на водоводна мрежа ф75, Нова населба – индустриска зона (Чуката) | |
| | -работа со ЈЦБ (ископ на водовод и санација на ископ) | |
| 01.08.2022 | -отстранување и санирање на дефект на зона Подуово кај Ризовски Киро | 2360,00 |
| | -расчистување на пат на градска депонија | |
| 05.08.2022 | -промена на улични светилки с.Негрево | |
| | -промена на улични светилки с.Чифлик | |

| | | |
|---|---|---|
| | -лоцирање на дефект – нова населба и нов приклучок кај Величкова Душка | 4720,00 |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево кај Стоичкова Дани | |
| 07.08.2022 | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| | -промена на стакло на водомер | |
| 08.08.2022 | -сетектирање и санирање на дефект на водоводна мрежа на булевар Равен | |
| | -печатење на опомени за неплатен долг за фактури за комунални услуги за период од 01.01.2022 до 01.07.2022 | |
| 10.08.2022 | -отчепување на канализација –с.Умлена | |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа (работилница Влатко Гиздов) | |
| | -Услуга со трактор кај Михаилов Никола | 1416,00 |
| | Нов приклулок кај Чипевски Димитар | 4135,00 |
| 11.08.2022 | -инсталирање на нов приклучок за вода населба Говедарник (Јаворка Манасиева) | 3472,00 |
| | -отчепување на канализација на ул. Илинденска (Влатко Јангелов) | |
| | -отчепување на канализација на ул. Македонија (Сашко Костовски) | |
| | -вадење на водомер за баждарење (Ѓорѓи Велевски) | |
| 12.08.2022 | -работа на санација на дефект на водоводна мрежа – с.Робово | |
| | -чистење на зафат на пехчевска река | |
| 15.08.2022 | -санирање на дефект на улично осветлување на ул.Индустриска | |
| | -промена на улични светилки – Пехчево | |
| | -работа на санирање на дефект на водоводна мрежа Подуево | |
| | -промена на водомер | |
| 16.08.2022 | -отчепување на канализација на ул. Буковик (Мара Пулковска) | |
| | -отчепување на канализација (Данка Хаџиска) | 472,00 |
| | -санирање на ископ од дефект на булевар Равен | |
| | -работа кај Зафировски Борис | |
| 17.08.2022 | -отчепување на канализација (ЈангеловаСветлана) | |
| | -поправка и проверка на водомер - Говедарник | |
| | -промена на водомер (Мончо Јанакиев) | |
| | -припрема на делови за нов приклучок за вода (Борче Ѓорѓиевски) на Подуево | |
| 18.08.2022 | -поставување на водомер и приклучување на водовод (Борче Ѓорѓиевски) на Подуево | 6830,00 |
| | -правење на капак за канализација | |
| | -припрема на шахта за хидрант | |
| 19.08.2022 | -санација на дефект (Здравствен дом – Пехчево) | 944,00 |
| | -санација на дефект на ул. 7Септември (Митко Секуловски) | 110,00 |
| 21.08.2022 | -работа со ЈЦБ на Равна река -расчистување на пат од наноси на песок, земја и гранки поради обилни врнежи од дожд<br>-санација на дефект на водоводна мрежа на Равна Река поради обилни врнежи од дожд<br>-работа со ЈЦБ и трактор на Равна река -расчистување на пат од наноси на песок, земја и гранки поради обилни врнежи од дожд<br>-работа со ЈЦБ и трактор на Равна река -расчистување на пат од наноси на песок, земја и гранки поради обилни врнежи од дожд | 45 312,00 |
| 22.08.2022 | -поставување на водомер (Боис Зафировски) | |
| 23.08.2022 | -промена на механизам на водомер (Михајловски Стојанчо) | 708,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | -поставување на капак за шахта (Данка Хаџиска) | |
| | -промена на стакло кај Мара Шајкарова | 590,00 |
| 24.08.2022 | -достава на фактури, сметки за комунални услуги – Пехчево | |
| | -чистење на зафат на филтер станица | |
| | -работа со ЈЦБ на Равна река -расчистување на пат од наноси на песок, земја и гранки поради обилни врнежи од дожд | 21 712,00 |
| 25.08.2022 | -достава на фактури, сметки за комунални услуги – Пехчево | |
| | -достава на фактури, сметки за комунални услуги – с.Чифлик, с.Умлена и с.Робово | |
| | -отчепување на канализација (Јован Гиневски) | |
| 26.08.2022 | -читање на месечни водомери – Пехчево | |
| | -изработка на капак за шахта | |
| 27.08.2022 | -санација на дефект на водоводна мрежа – нова населба | |
| | -дислокација на водомер нова населба (Здравко Станоевски) | |
| 29.08.2022 | -приклучување и работа со ЈЦБ (Игор атанасов и Борис Зафировски) | 2360,00 |
| | -санација на дефект (Глигор Шоповски) | 1062,00 |
| 30.08.2022 | -вградување на водомер на водоводна мрежа на булевар Равен (Здравко Стаменковски - бутик) | |
| 31.08.2022 | -поставување на водомер (Орце Велевски) | 1472,00 |
| | -поставување на кабел за улично осветлување на ул.8ми Март | |
| 01.09.2022 | -обновување на приклучок (населба Говедарник) | 2360,00 |
| | -поставување на кабел (280м) на ул.8ми Март | |
| | -поставување на улични светилки на ул.8ми Март | |
| 04.09.2022 | -работа на дефект на главна водоводна мрежа на ул. Симо Андоновски (Ф75 ПВЦ) | |
| | -работа на дефект со ЈЦБ на главна водоводна мрежа на ул. Симо Андоновски (ископ за санација на дефект) | |
| | -косење на плац на ЈКП Комуналец | |
| 05.09.2022 | -работа со ЈЦБ (расчистување на ул.Кадиица) | |
| | -местење на исечоци од асфалт на ул.Кадиица | |
| | -чистење на решетки, атмосферски канализации – Пехчево | |
| | -монтажа на капак на шахта на испуст во нова населба | |
| | -косење на градски гробишта | |
| | -испуштање на испуст во с.Чифлик | |
| | -работа со ЈЦБ(Напредок) | 6372,00 |
| 06.09.2022 | -чистење на решетки, атмосферски канализации – пред ресторан Викторија | |
| | -редење на бехатон на испусти на ул Гоце Делчев (после ископ) | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| 07.09.2022 | -поставување на државни знамиња на канделабри на булевар Равен и во центар на Пехчево | |
| | -редење на бехатон на испусти на ул Гоце Делчев, (после ископ), | |
| | -редење на бехатон во индустриска зона (под резервоар) | |
| 09.09.2022 | -поставување на капак на шахта со испуст (нова населба, нов вод кон индустриска зона) | |
| | -нов приклучок ул. Македонија (Бајрам Демиров) | 4130,00 |
| | -чистење на градски пазар | |
| 12.09.2022 | -работа на ископ и поставување на водоводна цефка на зграда кај Стопанска Банка (ламела 2) | |
| | -бетонирање на дел од пат – ископ на булевар Равен пред Атанс Синдраковски) | |
| | - бетонирање на прекоп на улица Симо Андоновски (Нова населба) | |
| | -промена на стакло и гума кај Снежана Миланова | 413,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 13.09.2022 | -дислокација на водомер на ул.Македонија (Елизабета Демирова) | 3000,00 |
| | -промена на улични светилки бул. Равен | |
| | -читање на водомери кај корисници (нередовни плаќачи) | |
| 14.09.2022 | -работа на дефект на пловак на резервоар (регулација) | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| 15.09.2022 | -расчистување на депонија со ровокопач ЈЦБ | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| | -работа на дефект – канализациона мрежа на ул. 7ми Септември | |
| 16.09.2022 | -работа на прекоп на ул. Симо Андоновски (бртонирање) | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| 19.09.2022 | -монтажа на пловак на голем резервоар – градски водовод Пехчево | |
| | -нов приклучок кај Фикрета Реџепова | 4130,00 |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| 20.09.2022 | -работа со ЈЦБ (Рибник Идила) Равна Река – Пехчево | 1770,00 |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| 21.09.2022 | -работа со ЈЦБ (Рибник Идила-Теонис) Равна Река – Пехчево | 38 940,00 |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -косење на тревни површини и градски гробишта - Пехчево | |
| 22.09.2022 | -работа на дефект кај Љупчо Галазовски, ул. Пиринска – водоводна мрежа | |
| | -средување на огревно дрво во плац на Комуналец | |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| 23.09.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -работа с ЈЦБ – дефект на водоводна мрежа на Равна река кја Гиздов Јован | 1770,00 |
| 26.09.2022 | -работа с ЈЦБ – дефект на водоводна мрежа на Равна река кај Љупчо | 944,00 |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа населба Говедарник | |
| | -отчепување на канализација (Здравствен дом) Пехчево | 944,00 |
| 27.09.2022 | -читање на месечни водомери | |
| | -чистење, перење и подмачкување на ровокопач ЈЦБ | |
| | -рачно расчистување на приоден пат на градска депонија | |
| 28.09.2022 | -читање на месечни водомери | |
| 29.09.2022 | -работа на дефект на водоводна мрежа (Неџо Фазлиов) ул.7ми Септември | |
| | -читање на месечни водомери | |
| 30.09.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -расчистување на градска депонија со ровокопач ЈЦБ | |
| 03.10.2022 | -отчепување на канализација (Здравен дом ) Пехчево | |
| | -стопирање на водоводна мрежа ма градски стадион | |
| | -работа на водоводен приклучок (Никица Бакаловски-бавча) | |
| 04.10.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -работа во плац на ЈКП (огревно дрво) | |
| 05.10.2022 | -промена на улични светилки – Пехчево | |
| | -транспорт на алуминиумски столб со трактор | |
| 06.10.2022 | -испуштање на испусти во с.Чифлик | |
| | -промена на вентил на испуст с.Чифлик | |
| | -сервис на возило за собирање на смет Ивеко (Карго Макс – Скопје) | |
| 07.10.2022 | -работа со ЈЦБ (пат накај филтер станица) | |
| | -расчистуање на камион -дигалка | |

| | | |
|---|---|---|
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| 10.10.2022 | -работа на мрежа с.Умлена –Робово (главна водоводна мрежа, дефект водовод-вентил на главна шахта | |
| | -работа со ЈЦБ (бехатон плочки пред градски гробишта, чистење на тротоар | 12 568,00 |
| | -работа со ЈЦБ (чистење на речно корито) – река Писа | Проект со Општина Пехчево и невладини орган. |
| 12.10.2022 | -работа на дефект на водоводна мрежа с.Умлена –Робово | |
| 13.10.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -достава на сметки за комунални услуги с.Негрево | |
| 14.10.2022 | -работа во плац на Комуналец (расчистување на магацин, двор, плац, сортирање и собирање на отпад.) | |
| 17.10.2022 | -работа со ЈЦБ (пат Филтер станица) | 10 000,00 |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -работа во плац на ЈКП (огревно дрво) | |
| 18.10.2022 | -работа со ЈЦБ (чистење на речно корито) река Писа | Проект со Општина Пехчево и невладини орган |
| | -работа на дефект водоводна мрежа с.Чифлик | |
| | -работа во плац на ЈКП (огревно дрво) | |
| | -работа на филтер станица- плочки за водомер | |
| 19.10.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| 20.10.2022 | -работа на селски водовод во с.Црник (за Општина Пехчево) | |
| | -припрема за поставување на бетонска канализациона шахта на ул. Ванчо Китанов (Китански мост) | Сопствена инвестиција |
| 21.10.2022 | - работа на поставување на бетонска канализациона шахта на ул. Ванчо Китанов (Китански мост), армирање и бетонирање | |
| 25.10.2022 | -промена на механизам (Андон Компани),демонтажа на механизам за баждарење | |
| | -монтажа на водомер с. Негрево (Митко Рендевски) | 3400,00 |
| | -обновување на приклучок (Митровски Киро) Говедарник | 2900,00 |
| 26.10.2022 | -работа на дефект (главна водоводна мрежа) с.Робово | |
| | -обновување на приклучок на ул. Македонија (Михајловски Никола) | 2360,00 |
| 27.10.2022 | -читање на месечни водомери – Пехчево | |
| | -промена на механизам (Тодоровски Звонко-Благој) Пехчево | 3000,00 |
| 28.10.2022 | -работа на канализација во Нова Рефрактори и ископ со ЈЦБ | 3540,00 |
| | -работа на улично осветлување –населба Говедарник | |
| | -чистење на зафат на филтер станица | |
| | -работа со ЈЦБ (МИВАБО – Пехчево) | 4280,00 |
| | -ископ на кабел за електрична енергија | |
| 31.10.2022 | -работа на ископ на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) | 30000,00 |
| 01.11.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа с.Негрево | |
| 02.11.2022 | -работа на ископ со ЈЦБ на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) | |
| 03.11.2022 | -работа на ископ со ЈЦБ на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) – ископ и поставување на црево | |
| 04.11.2022 | -обновување на приклучок (Здравко Јовчев) | 2360,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | -нов приклучок за вода (Ванчо Мустачки) | 7030,00 |
| | -работа со ЈЦБ (ископ) | |
| | -работа на водоводни мрежи | |
| 07.11.2022 | -работа на ископ со ЈЦБ на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) – ископ и поставување на црево | |
| 08.11.2022 | -работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) | |
| | -плац Комуналец (сечење и редење на дрва за огрев) | |
| 09.11.2022 | -работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2), шеловање на шахти на ул, Даме Груев | |
| 10.11.2022 | -работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2), полнење со бетон на шахти на ул, Даме Груев | |
| 11.11.2022 | -обнова на приклучок, монтажа на водомер (Јангелов Арангел) – Говедарник | 2360,00 |
| | -проверка на водомери – Пехчево | |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа на булевар Равен (Данче Станоевски)- вентил пред водомер и промена на механизам | 1850,00 |
| 14.11.2022 | -обнова на приклучок (Весна Каракашовска – Цонкински Киро) ул. Симо Андоновски | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| | -промена на улични светилки – Пехчево | |
| | -изработка на капаци за шахти (армирање и бетонирање) | |
| 15.11.2022 | -изработка на капак за шахта пред влез на зграда на бул.Равен (ламела 2) | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| 16.11.2022 | -чистење на водозафат на филтер станица | |
| | -работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) – ископ и поставување на цевки | |
| 17.11.2022 | - работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2) – изолација и поставување на цевки | |
| | -колекција на пластични капачиња од кај др.Нада Симовска | |
| 18.11.2022 | -работа на дефект на ул.Првомајска (Данка Хаџиска) промена на колено пред водомер | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| 21.11.2022 | -промена на механизми – Пехчево | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| 22.11.2022 | -расчистување на градска депонија со ЈЦБ | |
| | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -заварување на приколка на трактор на ЈКП Комуналец | |
| | -сечење на огревно дрво | |
| 23.11.2022 | -работа на нов водоводен приклучок, зграда на Булевар Равен, кај Стопанска Банка (ламела 2), монтажа на капаци на шахти на ул, Даме Груев | |
| | -работа на дефект на водоводна мрежа во с.Умлена (Киро Близнаковски – стара куќа) | |
| | -сечење на огревно дрво во плац на Кмуналец | |
| 24.11.2022 | -читање на водомери – Пехчево | |
| | -расчистување на градска депонија со ЈЦБ | |
| | -редење и транспорт на огревно дрво (сеченица) во плац на Комуналец | |
| | -Промена н а механизам на Петровски Димитар | 590,00 |
| 25.11.2022 | -работа на дефект на водоводна мрежа (Јован Гиздов- | 7080,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | работилница) | |
| | -работа на ископ за обнова на приклучок кај Весна Каракашевска (нова населба) | |
| 28.11.2022 | -подготовка на машини и алат за зимско одржување | |
| | -средување на огревно дрво во плац на Комуналец | |
| | -чистење на снег –градски пазар | |
| 29.11.2022 | -транспорт на песок за зимско одржување на локален пат Умлена, Робово, Негрево | По договор |
| | -чистење на магацин и средување на огревно дрво во плац на Комуналец | |
| 30.11.2022 | -отпушување на канализација (ОУ Ванчо Китанов) | |
| | -расчистување на градска депонија со ЈЦБ | |
| 01.12.2022 | -читање на месечни водомери - Пехчево | |
| | -корекција на пат (ископ) на ул.Даме Груев пред Мара Божовиќ | |
| | -промена на стакло кај Дончев Атанас | 354,00 |
| 02.12.2022 | -читање на месечни водомери – Пехчево | |
| | -средување на огревно дрво (плац на Комуналец) | |
| 05.02.2022 | -работа на ископ за обнова на приклучок кај Весна Каракашевска (нова населба) | |
| | -достава на сметки за комунални услиги - Пехчево | |
| 06.12.2022 | -армирање и бетонирање на зид, прекоп зад Стопанска Банка и зид зграда (ламела 2) на бул.Равен | |
| 07.12.2022 | -армирање и бетонирање на пешачки патеки зграда (ламела 2) на бул.Равен | |
| | -работа со ЈЦБ на пат во с.Црник – правење на насип пред влез во с.Црник | |
| 09.12.2022 | -армирање и бетонирање на прекоп над детска градинка – Пехчево | |
| | -гасење на градска депонија со ровокопач ЈЦБ | |
| 12.12.2022 | -чистење на пропусти (сите каналетки) | |
| | -чистење на наноси од кал на ул.Пиринска и населба Говедарник | |
| | -санирање на проблем со улично осветлување - Пехчево | |
| 13.12.2022 | -затрупување на ископ кај Весна Каракашова – нова населба | |
| | -ископ за приклучок на канализација (Агро Јане) | 2006,00 |
| | -отчепување на канализација (ОУ Ванчо Китанов) | |
| 14.12.2022 | -проверка и поправка на украси за новогодишно украсување | |
| | -расчистување на плац на Комуналец | |
| 15.12.2022 | -работа со ЈЦБ, расчистување на депонија | |
| | -санација на дефект на водоводна мрежа (замена на вентили) | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| | -санација на дефект на водоводна мрежа (Никола Каракашов) | |
| 16.12.2022 | -проверка на испусти во Пехчево, с.Негрево и с.Чифлик | |
| | -проверка на хидранти - Пехчево | |
| 19.12.2022 | -читање на месечни водомери во Пехчево и с.Негрево | |
| 20.12.2022 | -новогодишно украсување | |
| | -проверка на испусти | |
| | -отварање, чистење и читање на заматени водомери – Пехчево | |
| 21.12.2022 | -систематски преглед на вработените во ЈКП Комуналец | |
| | -новогодишно украсување | |
| 22.12.2022 | -работа на дефект на водоводна мрежа во с.Негрево (Стојан Поповски) | |
| | -новогодишно украсување – плоштад и центар на Пехчево | |
| | -поправка на стари украси за новогодишно украсување | |
| 23.12.2022 | -работа на канализациона мрежа во с.Умлена (Сеничев Илија) | |
| 26.12.2022 | -монтажа на баждарен водомер (Игор Поповски –пелетара) | |

| | | |
|---|---|---|
| | -монтажа на баждарен водомер (ДИК Фагус) | |
| | -монтажа на баждарен водомер (с.Чифлик) | |
| 27.12.2022 | -работа со ЈЦБ на ископ за приклучок за вода (Ризовски Слободан-Атанас) | 11 210,00 |
| | -порамнување на плац кај Зоран Стаменковски | 2124,00 |
| | -читање на водомери | |
| | -подготовка на профили за крак на водовод на негревска река - Елата | |
| 28.12.2022 | -работа на крак за водоводна мрежа с.Негрево (поставување на изолација и алумински носачи) | Сопствена инвестиција |
| 29.12.2022 | -проверка на испусти – Пехчево | |
| | -детекција на дефект на водоводна мрежа – Пехчево | |
| | -отчепување на канализација на Стопанска Банка | |
| 30.12.2022 | -работа во плац на Комуналец | |

ЈКП ,,Комуналец" – Пехчево
Директор
Борис Поповски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Статут на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево - пречистен текст**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Статут на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево - пречистен текст, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/12
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статут на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево (пречистен текст)**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево (пречистен текст).

**Член 2**

Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево - Пречистен текст бр. 01-161/1 од 20.02.2023 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-326/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С Т А Т У Т**
**НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**"КОМУНАЛЕЦ" - ПЕХЧЕВО**
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

Врз основа на член 19 став 2, точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022) и член 22 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 290/2020, 215/2021 и 99/2022), Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево на седницата одржана на ден 20.02.2023 година го утврди Пречистениот текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Пречистениот текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево ги опфаќа: Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 484/1 од 19.12.2012 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 105/1 од 03.02.2015 година, Одлуката за изменување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 594/1 од 08.10.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 786/1 од 29.12.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 02 - 320/1 од 12.05.2016 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 227/3 од 04.05.2018 година, Одлука за изменување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 532/1 од 30.09.2020 година, Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 451/3 од 09.05.2022 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 801/1 од 12.12.2022 година.

**С Т А Т У Т**
**на Јавното комунално претпријатие**
**"Комуналец" - Пехчево**
**(Пречистен текст)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина како и други прашања од значење за комуналното претпријатие.

Член 2

Јавното комунално претпријатие "Комуналец" - Пехчево (во понатамошниот текст ЈКП ) се основа заради вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Пехчево.

ЈКП има својство на правно лице со своја жиро - сметка, а за преземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот свој имот со целосна одговорност.

## II. ОСНОВАЊЕ

Член 3

ЈКП е основано со Акт за основање од Советот на општина Пехчево со Одлука бр. 0801 - 80 од 26.05.1997 година.

## III. ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**ФИРМА**

Член 4

Полното име на претпријатието гласи: **ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" - Пехчево,** а скратеното име гласи: **ЈКП "Комуналец" - Пехчево.**

**СЕДИШТЕ**

Член 5

Седиштето на ЈКП "Комуналец" - Пехчево се наоѓа на ул. "Јулија Веселинска" бр. 40 во Пехчево.

**ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ, АМБЛЕМ**

Член 6

ЈКП "Комуналец" - Пехчево има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 3 см со текст испишан со печатни букви. Во првиот ред на кругот е испишано Јавно комунално претпријатие - Пехчево, во вториот ред Општина Пехчево а во средината називот на претпријатието "КОМУНАЛЕЦ" п.о.

Член 7

Штембилот е во правоаголна форма со должина од 5 см, ширина од 2 см со натпис - Општина Пехчево - Јавно комунално претпријатие "Комуналец" - бр. _______ со место за дата и седиштето - Пехчево.

Амблемот на Претпријатието го донесува Управниот одбор и е составен дел на Статутот.

Член 8

Со печатот и штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот на претпријатието.

**ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

Член 9

ЈКП "Комуналец" - Пехчево во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

36 Собирање, обработка и снабдување со вода

36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

Го утврдува и организира снабдувањето со вода за пиење под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот. Обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.

37 Отстранување на отпадни води

37.00 Отстранување на отпадни води

- одведување и пречистување на отпадни води под што се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиент. Одведување и испуштање на атмосферски води под што се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент.

38 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад

38.11 Собирање на безопасен отпад

- Селектирање , собирање, транспортирање на комунален цврст отпад од населението и индустријата на уредни депонии и депонирање на индустриски отпад.

38.12 Собирање на опасен отпад

- Собирање и депонирање на индустриски отпад и штетни материи, под што се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на отпадот на уредни депонии, како и одржување на депониите.

38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.22 Обработка и отстранување на опасен отпад

42 Нискоградба

42.91 Изградба на хидроградежни објекти

43 Специјализирани градежни дејности

43.11 Уривање

43.12 Подготвителни работи на градилиште (земјени работи)

43.21 Електроинсталатерски работи

43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација

43.29 Други градежно - инсталатерски работи

43.99 Останати градежни работи неспомнати на друго место -

- Издавање на опрема и машини за изградба или уривање со оператор

49 Копнен транспорт и цевоводен транспорт

49.41 Товарен патен транспорт

52.29 Останати придружни дејности во превозот

- одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење и нивно редовно одржување;

- одржување и користење на јавниот простор за паркирање и утврдување на начинот на негово користење

81 Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата

81.22 Останати дејности на чистење на згради и објекти

- Одржување на јавна чистота во градски и други населби, чистење (миење и метење) на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, отворени одводни канали, кејови како и чистење на снегот во зимски услови

81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

- Управување и одржување на гробишта;
- Одржување на јавно осветлување во исправна состојба и улично осветлување во општината;
- Уредување и одржување на паркови, парк - шуми, зеленило и рекреативни површини;
- Одржување и користење на пазари;
- Одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема;
- Ерадикација на животни скитници;
- Оџачарски услуги;
- Отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
- Украсување на населени места;
- Одржување јавни санитарни јазли.

**Претежна дејност на претпријатието е:**

**36 Собирање, обработка и снабдување со вода**

**36.00 Собирање, обработка и снабдивање со вода**

Член 10

Комуналното претпријатие може да ја промени дејноста со:
- Проширување на дејноста;
- Воведување на нови дејности и
- Укинување на одделни дејности

За сите наведени промени одлучува Управниот одбор на комуналното претпријатие а за дејностите од јавен интерес одлука донесува основачот - Општина Пехчево на предлог на Управниот одбор.

## IV. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 11

Органи на ЈКП "Комуналец" се:
- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјалното - финансиското работење;
- Директор.

## V. УПРАВЕН ОДБОР

Член 12

Управниот одбор на ЈКП Комуналец" - Пехчево се состои од 5 (пет) членови.

Членовите на Управниот одбор ги именува односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на Управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- два члена на Управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика;
- еден член на Управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење;
- еден член на Управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- еден член на Управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

За избор на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општината распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб -страница и на веб - страницата на јавното претпријатие.

Јавниот повик особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети.

На јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на Управниот одбор ги пропишува министерот за економија.

За избор на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие, на предлог на Градоначалникот на општината, Советот на општината формира Комисија за селекција составена од:

- Претседател и негов заменик, вработени во општината;
- Еден член и негов заменик, вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината;
- Еден член и негов заменик, вработени во ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Постапката за селекција на членови на Управниот одбор се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

Комисијата за селекција најдоцна десет дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција и интервјуто, од кандидатите кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција, Комисијата за селекција подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на Управниот одбор, која се објавува на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Одлуката за именување на членови во Управниот одбор на својата веб - страница да ги објават кратките биографии на сите членови на Управниот одбор.

Основачот на јавното претпријатие целокупната документација од постапката за селекција ја чува најмалку десет години согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во Управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Основачот може да ги разреши сите членови на Управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на Управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање;
- ако неоправдано отсуствува на седниците на Управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година;
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршувањето на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на Управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на Управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија. Мандатот на новоизбраниот член на Управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на Управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на Управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување.

Советот на општината назначува вршители на должност членови на Управен одбор на предлог на Градоначалникот на општината.

Член 13

Членот на Управниот одбор не може да има лично, преку трето лице, или по било кој основ интереси во претпријатието.

Секиј член на Управниот одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес од страната на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Управниот одбор на ЈКП ги има сите овластувања да презема мерки што се потребни и корисни за работата на ЈКП во согласност со законот.

Член 14

Управниот одбор на ЈКП:

- Го донесува Статутот на ЈКП;
- Ги усвојува програмата за работа и развој на ЈКП;
- Ја утврдува деловната политика;
- Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
- Одлучува за употрба на средствата остварени со работењето на ЈКП и покривање на загубите;
- Ги донесува одлуките за инвестиции;
- Ги утврдува цените на производите и услугите;
- Одлучува за внатрешната организација на претпријатието;

- Донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на Одбраната;
- Одлучува по приговори за престанок на работен однос во втор степен и по други приговори во втор степен;
- Дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места;
- Го донесува Правилникот за утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените;
- Донесува Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените;
- Врши и други работи утврдени со актот за основање и овој статут.

Претседателот на Управниот одбор или доколку Претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на претпријатието.

Претседателот и членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управниот одбор на јавното претпријатие.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето - плата на вработените на јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

Член 15

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Член 16

ЈКП "Комуналец" не може на претседателот или на член на Управниот одбор, на претседателот или на член на Надзорниот одбор или на директорот да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член се ништовна и без правно дејство.

## VI. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 17

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Комуналец" - Пехчево се формира Надзорен одбор за контрола на
материјално - финансиското работење составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги
исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на претпријатието;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика;
- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење и
- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во Надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За избор на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на Градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општината распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб --страница и на веб - страницата на јавното претпријатие.

Јавниот повик особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети.

На јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на Надзорниот одбор ги пропишува министерот за економија.

За избор на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие, на предлог на Градоначалникот на општината, Советот на општината формира Комисија за селекција составена од:

- Претседател и негов заменик, вработени во општината;
- Еден член и негов заменик, вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината;
- Еден член и негов заменик, вработени во ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Постапката за селекција на членови на Надзорниот одбор се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

Комисијата за селекција најдоцна десет дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на Надзорниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција и интервјуто, од кандидатите кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција, Комисијата за селекција подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на Надзорниот одбор, која се објавува на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Одлуката за именување на членови во Надзорниот одбор на својата веб - страница да ги објават кратките биографии на сите членови на Надзорниот одбор.

Основачот на јавното претпријатие целокупната документација од постапката за селекција ја чува најмалку десет години согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Основачот може да ги разреши сите членови на Надзорниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде позитивно мислење на Годишната сметка и Извештајот за работењето на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на Надзорниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање;

- ако неоправдано отсуствува на седниците на Надзорниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година;
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршувањето на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на Надзорен одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на Надзорниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија.

Мандатот на новоизбраниот член на Надзорниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на Надзорниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на Надзорниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување.

Советот на општината назначува вршители на должност членови на Надзорен одбор на предлог на Градоначалникот на општината.

Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на претпријатието. Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор може да присуствуваат на седницата на Управниот одбор. За присуство на седниците им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието ако претходно не добиле позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Претседателот на Надзорниот одбор или доколку Претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на претпријатието.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

## VII. ДИРЕКТОР

Член 18

Со работата на ЈКП "Комуналец" - Пехчево раководи директор.

Директорот го избира односно разрешува градоначалникот на општина Пехчево.

За именување на директор се објавува јавен конкурс во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Градоначалникот на општината три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор.

Во објавениот јавен конкурс се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од градоначалникот на општината и во рок од 8 дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до градоначалникот на општината.

Градоначалникот на општина Пехчево, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од комисијата, донесува одлука за избор на директор.

Ако по распишаниот конкурс не се избере директор, градоначалникот на општина Пехчево, во рок од 5 дена од денот на истекот на рокот од ставот 7 на овој член именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Член 19

Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;;
- има минимум пет години работно искуство;
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, Булатс (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2(B2).

Член 20

Директорот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево:

- Го обезбедува спроведувањето на Одлуките и заклучоците од Управниот одбор;
- Учествува во спроведувањето на програмата за работа и развој и е одговорен за нејзиното реализирање;
- Учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието;
- Врши усогласување на деловната политика на ЈКП;
- Дава иницијативи, покренува прашања за разгледување пред Управниот одбор во врска со работењето на претпријатието;
- Ја организира работата и нормалното одвивање на сите рсботи во претпријатието;
- Врши други иницијативи и креативни работи во врска со работењето на ЈКП;
- Ја организира работата и се грижи за реализација на програмите и плановите за Одбрана;
- Одлучува за засновање и престанок на работен однос на работниците согласно Законот, Колективниот договор и другите акти на претпријатието;
- Врши распоредување на работници;
- Донесува Правилник за систематизација на работните места;
- Изготвува финансиски план, годишен план за јавни набавки, годишен план за вработување;
- Формира комисии за водење на дисциплинска постапка, за оценување на административните службеници и давателите на јавни услуги, за селекција на постапка за вработување и унапредување;
- Објавува оглас за вработување на даватели на јавни услуги и помошно - технички лица, доставува барање до Агенцијата за администрација за објавување на оглас за вработување на административни службеници;
- Донесува одлука за избор на кандидат по огласот и склучува договори за вработување;
- Донесува наредби, издава налози за извршување на одредени работи во претпријатието;
- Изрекува дисциплински мерки;
- Учествува во работата на Управниот одбор без право на глас и дава мислење и предлози во врска со конкретни прашања;
- Ги објавува на веб страницата на претпријатието тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието;
- врши и други работи утврдени со закон и Статутот.

Член 21

Директорот го застапува и претставува претпријатието во правниот промет.

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејноста на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.

За склучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестициони вложувања за деловна технолошка - техничка соработка со домашни и странски фирми, истражување и развој како и набавка и отуѓување на основни средства, директорот е должен да побара согласност и одобрение од Управниот одбор.

Директорот може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на претпријатието.

Член 22

За одредени работи и работни задолженија Директорот може да издава полномоштва во писмена форма на други стручни лица, а особено заради застапувањето пред судските и други органи.

Полномошното се издава во писмена форма, а може да се однесува за поединечни правни работи и одредени видови групни правни работи.

Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномошното.

Член 23

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, претседател и член на Владата на Република Северна Македонија како и член на Советот на Општината и функцијата Градоначалник на Општина Пехчево.

Член 24

Директорот е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на претпријатието до Управниот одбор, односно Градоначалникот на општина Пехчево.

Во извештајот од ставот 1 на овој член директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавувањето на дејноста на претпријатието, како и податоци за финансиското работење.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Член 25

Директорот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за својата работа одговара пред Градоначалникот на општина Пехчево.

Директорот склучува договор со градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Директорот, членовите на Управниот и Надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 26

Директорот се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон;
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на претпријатието или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на претпријатието;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на претпријатието;
- ако не доставува извештај за работата на претпријатието до Градоначалникот секои шест месеци,
- ако и по истекот на рокот определен за отстранување на недостатоците, не ги отстрани недостатоците или во тој рок повторно има недостатоци или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во Законот за јавни претпријатија не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Градоначалникот на општината во случаите од став 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До изборот на нов директор, Градоначалникот на општина Пехчево во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за разрешување на директор, именува вршител на должноста директор на ЈКП "Комуналец", но не подолго од 6 (шест) месеци.

## VIII. ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Член 27

За остварување на определени права, обврски и одговорности на работниците во претпријатието може да се формираат постојани повремени работни тела - комисии.

Комисиите - работните тела ги формира Управниот одбор на претпријатието откако ќе ги определи задачите на таа комисија.

Комисијата може да биде стална и ад - хок - времена комисија за што одлучува Управниот одбор.

Со Одлуката за основање на комисија се определува нејзиниот состав, бројот на членовите, претседателот на комисијата и задолженијата што ќе и се дадат за нејзината работа.

Донесените одлуки на комисијата се одлуки во прв степен. Во втор степен по одлуката на комисијата решава Управниот одбор.

Член 28

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира Стручен колегиум, кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Советодавното тело брои онолку членови колку ќе одлучи Директорот и го формира директорот со одлука.

Со колегиумот раководи Директорот на претпријатието.

## IX. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 29

Претпријатието работи во следните организациони единици:

1. Сектор за финансиско работење со две одделенија:
1.1. Одделение за сметководство и финансова оператива;
1.2. Одделение за општо, правни работи и човечки ресурси;
2. Сектор за технички работи и развој со две одделенија:
2.1. Одделение за водоснабдителни објекти;
2.2. Одделение за технички работи и услуги.

Вработените кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници.

Вработените кои вршат работи од дејноста на претпријатието имаат статус на даватели на јавни услуги.

Вработените кои вршат помошно - технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на претпријатието имаат статус на помошно - технички лица.

## X. АКТИ НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 30

Во ЈКП "Комуналец" - Пехчево се донесуваат следните акти:

- Статут;
- Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи;
- Колективен договор
- и други акти.

Актите на претпријатието мора да бидат во согласност со Статут на претпријатието.

Сите општи акти на претпријатието стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла или на друг соодветен начин.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 31

Средствата за вршење на комунална дејност се остваруваат од:

- Цената на комуналните услуги;

- Средства од буџетот на општината - оснивачот;
- Други средства утврдени со закон.

Висината на комуналната услуга ја определува Управниот одбор на претпријатието по претходна согласност на основачот - Советот на Општина Пехчево.

Претпријатието е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието е должно по усвојувањето на тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие, истиот да го објави на својата веб страница најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието ако нема веб страница, извештајот од ставот 4 на овој член е должно да го објави на веб страницата на основачот.

Претпријатието е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централниот регистар.

Претпријатието ако нема веб страница, годишните сметки и финансиските извештаи од ставот 6 на овој член е должно да ги објави на веб страницата на основачот.

Член 32

Ако корисникот на комуналната услуга редовно не го плаќа надоместокот за услугата, давателот на услугата - Јавно комунално претпријатие има право да ја прекине услугата во согласност со закон.

За прекинување на услугата, начинот и условите под кои таа се прекинува, Управниот одбор донесува одлука.

## XII. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 33

Управниот одбор и директорот на комуналното претпријатие се одговорни за редовно и вистинито информирање на вработените за севкупното работење на претпријатието, за остварувањето и распределбата на добивката и други прашања од значење за работата на претпријатието.

Основачот на комуналното претпријатие има права да биде информиран за работењето на претпријатието, за остварување на програмите за работа и други прашања сврзани со работењето на претпријатието од страна на Управниот одбор и директорот на претпријатието.

Вработените се информираат преку огласната табла на претпријатието и други средства за информирање.

## XIII. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 34

Со цел зголемување на добивката и развојот на претпријатието се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата ја донесува директорот, кој воедно е и одговорен за нејзината реализација.

## XIV. ОДБРАНА

Член 35

Вработените во претпријатието имаат обврска и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласност со закон.

Член 36

Вработените во претпријатието ја остваруваат одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови за одбрана и превземање на мерки во реализирање на плановите и програмите на одбраната.

## XV. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 37

Со цел заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на претпријатието донесува Програма, акти и соодветни одлуки и мерки.

За намената од член 37 став 1 од овој Статут Управниот одбор и Директорот обезбедуваат средства, а по потреба формираат органи и задолжуваат поединци кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XVI. СИНДИКАТ

Член 38

Вработените заради остварувањето на своите економски и социјални права, имаат право да се вклучат во основање, формирање и да членуваат во синдикат под услови и во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

Член 39

На барање на синдикатот, комуналното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања што имаат непосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапка за донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на вработените.

На претставникот на синдикатот му се овозможува непречено комуницирање со овластено лице на комуналното претпријатие кога тоа е неопходно за остварување на функцијата на синдикатот.

Член 40

Комуналното претпријатие обезбедува услови за работа на синдикатот за остварување на синдикалните функции, како и услови за наплата на членарината во договор со надлежните органи на комуналното претпријатие.

Член 41

Претставникот на синдикатот има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба вклучувајќи го и престанокот на неговиот работен однос поради членство во Синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците ако постапува согласно со закон и колективен договор.

Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги презел за време на неговиот мандат.

Член 42

Претставникот на синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на вработените не може:

- Да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец;
- Да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ;
- Против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

Член 43

На претставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за неговото оспособување ефикасно вршење на функциите на синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредуваат со колективен договор на ниво на комуналното претпријатие.

Член 44

Член на синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот, чие вршење бара привремено да престане од работа кај јавното претпријатие има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати во Комуналното претпријатие на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка за што се склучува посебен договор со Комуналното претпријатие.

## XVII. ШТРАЈК

Член 45

Вработените имаат право на штајк организиран во согласност со Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот.

При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на претпријатието и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

## XVIII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 46

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во комуналното претпријатие кои претставуваат деловна тајна можат да се соопштат на трети лица на начин пропишан со Закон и посебен акт.

Податоците кои претставуваат деловна тајна од работењето во комуналното претпријатие се утврдуваат со посебен акт на Управниот одбор на претпријатието.

## XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Член 48

Сите акти во комуналното претпријатие ќе се усогласат со Статутот по влегувањето во сила на овој Статут.

Член 49

Измените и дополнувањата на овој Статут ги врши Управниот одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.

Толкувањето на одредбите на овој Статут го врши Управниот одбор.

Член 50

Статутот стапува во сила осмиот ден од денот на добивањето согласност од основачот и објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

број 01 - 161/1
20.02.2023 година

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/13
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/2022), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на **Управен** одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е жител на Општина Пехчево;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие;
- да има минимум три години работно искуство од областа на финансиско работење, правни работи или технички науки.

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Бр.08-327/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на Локален акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Локален акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/14<br>
01.03.2023 год.<br>
Пехчево

Градоначалник на<br>
Општина Пехчево<br>
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.03.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Локален акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Локалниот акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027.

**Член 2**

Локалниот акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-328/1<br>
01.03.2023 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ ВО ПЕХЧЕВО ЗА 2023 - 2027

## МАРТ, 2023 ГОДИНА

Локалниот акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за период 2023-2027 е донесен во согласност со Националната стратегија за инклузија на Ромите за 2022 – 2030 година на Република Северна Македонија и се однесува на обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитетно образование достапно за сите. Овие стратешки приоритети се дирекно поврзани со инклузијата на Ромите во делот на унапредување на положбата на етничката заедница и обезбедувањето на еднаков третман и почитување на основните права на сите граѓани, при што во насока на ромската заедница, поддршката е насочена кон проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на образованието, вработувањето, здравството, домувањето и други социјални услуги.

Подготовката на Локалниот акциски план за инклузија на Ромите во Пехчево за 2023-2027 е организирана низ партиципативен процес на населението и надлежните институции кои се поврзани со приоритетните области од Националната тратегија за инклузија на Ромите за 2022 – 2030 година во консултација со граѓанските организации кои работат на интеграција на Ромите во општеството.

## ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СТРАТЕГИЈА НА РОМИТЕ ПЕХЧЕВО 2023 – 2027 ГОДИНА

**Урбанизам, домување, основни услуги**

| Бр. | Мерка/Активност | Очекувани резултати | Надлежни иституции | Временска рамка ( од – до ) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1. | Изградба на улица во село Црник | Подобрен пристап на жителите од изградената улица | Општина Пехчево | 2023 - 2027 | 2.000.000,00 денари | Буџет на Општина Пехчево<br><br>Влада на Република Северна Македонија | Изградена улица во село Црник | Извештаи на Општина Пехчево |
| 2. | Обезбедување на правна помош за процесот на легализација на веќе поднесени барања за легализација на бесправно изградени објекти | Обезбедена правна помош на сите кои поднеле барање за легализација на бесправно изградени објекти и легализирани бесправно | Општина Пехчево<br><br>НВО КХАМ - Делчево | 2023-2027 | / | / | Број на случаи во кои е обезбедена правна помош за процесот на реализација | Извештаи на Општина Пехчево |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | изградените објекти | | | | | | |
| 3. | Изградба на таложник со песочен филтер | Подобрување на квалитетот на вода со изградба на таложникот со песочен филтер | Општина Пехчево | 2023-2027 | 2.500.000 денари | Буџет на Општина Пехчево<br><br>Влада на Република Северна Македонија | Изграден таложник со песочен филтер | Извештај за спроведениот проект |
| 4. | Обезбедување на атмосферска канализација во село Црник | Подобрена состојба со атмосферска канализација со што е заштитена животната средина и здрвјето на жителите на село Црник | Општина Пехчево | 2023-2027 | 5.000.000,00 денари | Влада на Република Северна Македонија | Изградена атмосферска канализација | Извештај за спроведениот проект |
| 5. | Реконструкција на детската градинка во село Црник | Подобрени условите за згрижувае и воспитување на децата од село Црник | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево | 2023 - 2027 | 2.000.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>КХАМ Делчево<br><br>Домашни и странски донатори<br><br>Министерство за труд и социјална политика | Реконструирана детската градинка во село Црник | Извештај за спроведениот проект<br><br>Слики од реконстуираниот објект |
| 6. | Изградба на WC до новоизградените училници во подрачното ООУ | Доопремување на новоизградениот дел во подрачното ООУ | Општина Пехчево ООУ „Ванчо | 2023-2027 | 2.000.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо | Изградени WC за машки, женски и инвалиди до новоизградените | Извештај од спроведениот проект |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | „Ванчо Китанов“ – село Црник, Пехчево | „Ванчо Китанов“, село Црник - Пехчево | Китанов“ – Пехчево | | | Китанов“ – Пехчево<br>КХАМ Делчево<br><br>Домашни и страснки донатори<br><br>Министерство за образование и наука | училници во подрачното ООУ „Ванчо Китанов“, село Црник, Пехчево | Слики од доградените WC |
| 7. | Уредување на детско игралиште во дворот на детската градинка во село Црник | Доуредено детското игралиште во дворот на детската градинка во село Црник со разни играчки и детски реквизити | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево | 2023-2027 | 850.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>КХАМ Делчево<br><br>Домашни и странски донатори | Уредено детското игралише во дворот на детската градинка во село Црник со разни играчки и други детски реквизити | Извештај од реализираните активности и слики од уреденото детско игралиште во дворот на детската градинка во село Црник |
| 8. | Уредување на Еко – Парк во Пехчево | Уреден холтикулурно и со урбана опрема паркот во Пехчево кој е во близина на две Ромски населби | Општина Пехчево<br><br>НВО Организациј а на жени – Пехчево | 2023-2027 | 300.000,00 денари | Буџет на Општина Пехчево<br><br>НВО Организација на жени – Пехчево | Уреден еден парк, хортикултурно и со урбана опрема во Пехчево кој е во близина на две Ромски населби | Извештај од реализираните активности и слики од уредениот еко - парк |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Домашни и странски донатори | | | Домашни и странски донатори | | |

**Образование**

| Бр. | Мерка/Активност | Очекувани резултати | Надлежни иституции | Временска рамка ( од – до ) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1. | Одржување на мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Одржани мотивациски средби со родителите на учениците Роми за јакнење на свеста | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>Совет на родители при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | 2023-2027 | / | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>Совет на родители при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Број на одржани средби | Записници од одржаните средби и фотографии од средбите |
| 2. | Обезбедување на дидактички материјали и училишен прибор за децата Роми | Обезбедени дидактички материјали и училишен прибор за децата Роми | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“- Пехчево | 2023 | 300.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Ромалитико | Број на деца кои добиле дидактички материјал и училишен прибор | Записници за примопредавање на набавените дидактички материјали и училишен прибор |
| 3. | Обезбедување на финансиска поддршка за вклученост на децата Роми во предшколското | Обезбедена финансиска поддршка за вклученост на децата Роми во предшколското | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 | 2023 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево – 50%<br><br>ОЈУДГ „7 | Број на деца - Роми за кои е обезбедена финансиска поддршка за предшколско образование | Потпишан договор за финаниската поддршка за вклученост на децата Роми во |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование | образование | Септември“ – Пехчево | | | Септември“ – Пехчево – 50% | | предшколстото образование |
| 4. | Зголемување на бројот на ученици Роми вклучени во високо образование | Обезбедување на кариерен центар | Општина Пехчево<br><br>ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово | 2023-2027 | 100.000,00денари | Општина Пехчево<br><br>КХАМ Делчево | Број на одржани средби | Записници од одржаните средби и фотографии од средбите |
| 5. | Обука за наставници од основно и средно образование за антидискриминација и говор на омраза и антициганизам | Зголемување на опфатот на учениците Роми во основното и средното образование, со опфат од над 90% во основното и 80% во средното образование<br><br>Зголемена свесност, одговорност и активно учество на учесниците Роми во воспитно образовиот процес<br>Активна соработка и учество на родителите Роми со воспитно образовниот и стручен персонал во | Општина Пехчево<br><br>Општинските основни и средни училишта во Општина Берово<br><br>Биро за развој на образованието<br><br>Просветен инспекторат | 2023-2027 | 300.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Број на обуки за наставници од основно и средно образование<br>За антидискриминација и говор на омраза и антициганизам | Извештаи и списоци за бројната состојба на учениците Роми во основните и средните училишта<br><br>Извештаи на Општина Берово<br><br>Извештаи од реализирани активности на ромските граѓанси здруженија<br>Извештаи од просветен инспекторат |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | основното и средното образование | | | | | | |
| 6. | Кариерно насочување на учесници Роми за упис на факултети | Поголема информираност на учениците за можностите за запишување на факултет<br><br>Помош пр насочување на матурантите за идна професија | Општина Берово<br><br>ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово со дисперирани паралелки во Пехчево<br><br>Ромски НВО<br><br>Локални фирми | 2023-2027 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Број на запишани студенти Роми од кои соодветен % ќе бидат девојчиња | Извештаи од Општина Пехчево |

**Вработување**

| Бр. | Мерка/Активност | Очекувани резултати | Надлежни иституции | Временска рамка ( од – до ) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1. | Организирање на информативни и консултативни средби со млади и возрасни неработени Роми со локални работодавачи/бизниси агенција за вработување за информирање за можностите за вработување на локално ниво како и потребни квалификации за да можат соодветно да се вработат во постоечките | Организирани информативни и консултативни средби со млади и возрасни Роми со работодавачите<br><br>Изготвена листа на фирми вклучени во процесот<br><br>Развиена дата база на | Општина Пехчево<br><br>Бизнис компании<br><br>Ромски НВО<br><br>Рома Ментор за вработување | 2023-2027 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево | Број на реализирани средби<br><br>Број на присутни млади и возрасни Роми од кои 50% да бидат жени<br><br>Број на фирми заинтересирани за да го поддржат вработувањето на Ромите на локално ниво | Листа на присутни<br><br>Записници од средби<br><br>Фотографии од средбите |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бизниси и стопанство на локално ниво | заинтересирани млади и возрасни Роми за нивно вработување | | | | | | |
| 2. | Организирање на тренинзи за 50 млади Роми за јакнење на нивните вештини за активно барање на работа ( CV , интервју, мотивациско писмо) и да бидат поконкурентни на пазарот на трудот | Развиена програма за тренинг<br><br>Листа на идентификувани млади Роми<br><br>Спроведени тренинзи за млади роми на локално ниво<br><br>Најмалку 70% од учесниците ги зголемиле нивните вештини и знаења на активно барање на работата | Општина Пехчево<br><br>Рома Ментор за вработување | 2023-2027 | 80.000,00 денари | Општина Пехчево | Број на идентификувани млади<br><br>Број на вклучени млади<br><br>Број на реализирани тренинзи<br><br>Број на учесници кои ги подобриле нивните вештини и знаења<br><br>Бој на вклучени жени во програмата ( минимум 50% ) | Листа на присутни<br><br>Записници од средби<br><br>Фотографии |
| 3. | Стекнување на претприемнички вештини и подготовка за отварање на сопствени бизнис преку мерката Самовработување со грант или кредит | Организирање на обуки за проценка на бизнис идеите (од бизнис идеа до бизнис план) | Рома Ментор за вработување<br><br>Општина Пехчево | 2023 - 2027 | | | Број на лица вклучени на обуките<br><br>Број на лица кои успешно ја искористија мерката „Самовработување“ | Листа на присутни<br><br>Евалуациони листови |
| 4. | Советодавна подршка на Претприемачи Роми | Континуирана Менторска подршка на Ромските | Бизнис Ментор | 2023 - 2027 | | | Број на фирми кои добиле Менторска подршка | Листа на фирми кои користеле менторска |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | бизниси за користење на можностите за развој на нивниот бизнис | | | | | | подршка<br><br>Слики од советувањата |

**<u>Здравство</u>**

| Бр. | Мерка/Активност | Очекувани резултати | Надлежни иституции | Временска рамка ( од – до ) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1. | Реорганизација на службата за итна медицинска помош и домашно лекување во Пехчево | Обезбедена редовна медицинска помош за домашно лекување во Пехчево и село Црник | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Министерство за здравство | 2023-2027 | / | Општина Пехчево<br><br>Министерство за здравство<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ - Пехчево | Функционална итна медицинска помош<br><br>Број на извршени домашни посети во ромски семејства во Пехчево и село Црник | Извештаи за извршени прегледи и домашни посети во ромски семејства во Пехчево и село Црник |
| 2. | Обезбедување на постојано присуство на лекар во селската амбуланта во село Црник | Обезбден постојан лекар во селската амбуланта во село Црник | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Министерство за здравство | 2023-2027 | / | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Министерство за здравство | Одлука/Решение за обезбедување на постор за рурална амбуланта во село Црник<br><br>Одлука/Решение за обезбедување на постојан лекар | |
| 3. | Активности за зголемена информираност за | Зголемен степен на информираност | Општина Пехчево | 2023-2027 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево | Број на Роми кои редовно посетуваат лекар | Извештаи од ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подигање на свеста за рдовни прегледи и контроли на ромското население | кај ромската заедница во Пехчево и село Црник за важноста од редовни прегледи | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>НВО КХАМ | | | НВО КХАМ<br><br>Домашни и меѓународни донатори | за превентивни прегледи | Георгиев“ – Пехчево |
| 4. | Обезбедување на гениколог во село Црник и патронажна сестра<br><br>Обезбедување на бесплатни гинеколошки прегледи во с.Црник преку проект„Мобилна Гинеколошка ординација“ | Обезбеден гениколог и патронажна сестра во село Црник<br><br>Спроведени прегледи на постарите жени и лица за кои биле проблем транспортните трошоци до најблискaта Гинеколошка ординација | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>НВО КХАМ<br><br>НВО„ХЕРА“<br><br>Министерство за Здравство | 2023-2027 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br>НВО КХАМ<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Обезбедување на гениклог и патронажна сестра<br><br>Број на спроведение прегледи и посети<br><br>Број на пациенти во дата базата на ангажираниот гениколог | Извештај за бројот на спроведени прегледи и број на пациенти |
| 5. | Реновирање и опремување на објекти за селска амбуланта во село Црник | Реновирана и опремена селската амбуланта во село Црник | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево | 2023-2027 | 4.000.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерство за здравство<br><br>Домашни и меѓународни донации | Донесена одлука за реновирање и опремување на селската амбуланта<br><br>Изготвена проектна документација | Извештај за реализираните проектни активности |
| 6. | Обезбедување на редовни беспалтни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна | Идентификувани социјално загрозени семејства<br><br>Спроведени | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван | 2023-2027 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерството за здравство | Број на посетени семејства<br><br>Број на спроведени бесплатни | Извештаи од здравствениот дом и Општина Пехчево<br><br>Листа на |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје | редовни беспалтни прегледи Најмалку 80% од семејствата добиле навремена превентивна заштита и советување | Георгиев“ – Пехчево | | | Домашни и меѓународни донации | прегледи<br><br>Број на семејства кои добиле соодветна навремена превентивна заштита<br><br>Број на жени кои добиле соодветен преглед | посетени семејства Слики од посетите |
| 7. | Спроведување недела на имунизација | Спроведена кампања за редовна имунизација на децата Роми, проверка на картоните за имунизација и следење на патронажните услуги. | Општина Пехчево<br><br>Здравствен Дом<br><br>НВО„КХАМ“ Делчево | 2023-2027 | 100. 000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>НВО„КХАМ“ Делчево | Број на семејства опфатени со кампањата<br><br>Опфат на деца со реддовна имунизација | Слики од настани<br><br>Листа на перисутни |

**<u>Култура</u>**

| **Бр.** | **Мерка/Активност** | **Очекувани резултати** | **Надлежни иституции** | **Временска рамка ( од – до )** | **Буџет** | | **Мониторирање/Евалуација** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Буџетска проценка во МКД** | **Извор** | **Индикатор** | **Извор** |
| 1. | Организирање на 8 Април меѓународен ден на Ромите | Зголемено промовирање на културните вредности на ромската заедница во Општина Пехчево<br><br>Подобрување на | Општина Пехчево<br><br>Ромски НВО | 2023-2027 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Број на организирани настани по повод 8 Април ден на Ромите | Извештаи на Општина Пехчево<br><br>Извештаи на ромски НВО |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | меѓуетничкиот соживот и намалување на културните разлики помеѓу граѓаните | | | | | | |

Бр.01-328/2
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 14-та седница одржана на ден 01.03.2023 година.

Бр. 09-336/15
01.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува финансовиот извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Финансовиот извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година (буџетска с-ка, самофинансирачки активности, сметка за наменски дотации 754011005790319 програма К2 и К3), е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-329/1
01.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ЈАНЕ САНДАНСКИ
Бр. 05-1211
08.02.2023
ПЕХЧЕВО

**О.У. Дом на Култура „ Јане Сандански “- Пехчево**
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

ДК Јане Сандански
Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 08.02.2023. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 221/1 | | |

**До**
**Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански“-Пехчево за 2022 година, на сметка Буџетска 180101005760316**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | |
| **741** | **Такси и надоместоци** | **25.000,00** |
| 741112 | Трансфери од буџетот | 25.000,00 |
| | | |
| | **РАСХОДИ** | |
| **464** | **Разни трансфери** | **25.000,00** |
| 464990 | Други трансфери | 25.000.00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25.000,00** |

27.01.2023 год.

ОУДК "Јане Сандански" – Пехчево
Д и р е к т о р
/ Валентина Веселинска /

ЈАНЕ САНДАНСКИ
Пехчево

05-12/2
08.02.23
ПЕХЧЕВО

**О.У. Дом на Култура „ Јане Сандански “- Пехчево**
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

ДК Јане Сандански
Пехчево

**До :Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански“-Пехчево за 2022 година, на сметка Самофинансирачки активности 754011005778714 програма К2**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **76.447,00** |
| **723** | **Такси и надоместоци** | 76.447,00 |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | |
| | | |
| | **РАСХОДИ** | **20.015,00** |
| **423** | **Матерјали и ситен инвентар** | 20.015,00 |
| 423990 | Други матерјали | **29.208,00** |
| **425** | **Договорни услуги** | 4.200,00 |
